ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 02-146/6
02.03 20.26 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на редовна седница одржана на 02.03.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2026 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2026 година со архивски број 01-67/2 од 30.01.2026 година(измена број 1) со следното:

1. Набавките под реден број 40.(Елаборат за заштита на животна средина), 41.(Основен проект за водостопански објект- бунар со Ревизија на преоктот и 46.(Изведување на бушотини на најмалку 2 локации на Отовичка и Рудничка река на длабочина од 50 метри, со поставување на пумпи, цевки, приклучоци и напојување со електрична енергија), се спојуваат во една нова набавка под реден број 44. во Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2026 година со архивски број 01-67/3 од 02.03.2026 година и гласи: " Изведба на 2(два) истражно-експлоатациони бунари со изработка на пропратна техничка документација (Основен Проект, Ревизија на Проект и Елаборат за заштита на животна средина)" со проценета вредност 3.304.850,00 денари без вклучен ДДВ, вид на постапка поедноставена отворена постапка, вид на договор за јавна набавка Работи. Очекуван почеток на постапката е месец Февруари.

2. Се додава реден број 41. и гласи "Обезбедување на електрично напојување за пумпи за испумпување на вода од бунари со помош на фотоволтаичен систем со изработка на потребната техничка документација" со проценета вредност 847.450,00 денари без вклучен ДДВ, вид на постапка :поедноставена отворена постапка, вид на договор за јавна набавка Услуги. Очекуван почеток на постапката е месец Јуни.

3. Набавката под реден број 39. "Проект за санација на темелниот испуст на брана Отовица на езеро Младост" се менува во реден број 45. и гласи: "Санација на темелниот испуст на брана Отовица на езеро Младост" и видот на договорот за јавна набавка се менува од "услуги" се менува во "работи".

Член 2

Во се друго важи Планот за јавни набавки со архивски број 01-67/2 од 30.01.2026 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена на веб страната на претпријатието и во ЕСЈН.

О б р а з л о ж е н и е

Поради меѓусебната поврзаност на предметот на јавните набавки во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година со арх.бр.01-67/2 од 30.01.2026 година и по образложувањето за потребата и намената на секоја од јавните набавки наведени во изменетиот и дополнет План за јавни набавки за 2026 година, се одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
-директорот
-сметководство
-архива

ЈПВ Лисиче-Велес
Претседател на Управен одбор
Златко Крлев

Велес
02.03.2026 година

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС